До

______________________________

Почитуван/а директоре/ке,

Сојузот на математичари на Македонија, во текот на месеците октомври, ноември и декември 2020 година, организира **Есенска математичка школа 2020** за учениците од основните и средните училишта од целата држава, поточно за учениците од 4 до 9 одд. и учениците од 1 до 4 год. Школата е наменета за сите ученици кои ја сакаат математиката и сакаат да ги откриваат убавините на математиката со продлабочување на постоечките знаења и стекнување нови знаења и вештини. **Наставата на школата ќе биде онлајн.**

Предавањата на Школата ќе се реализираат во деновите**: 17, 31 октомври, 7, 14, 21, 28 ноември и 5 декември 2020 год.** По завршувањето на предавањата учениците ќе полагаат завршен тест. Датум на полагање на завршниот тест е **19 декември 2020 год.**

Секој редовен ученик-учесник на Школата ќе добие сертификат за учество, а најдобрите на завршниот тест ќе добијат и дипломи за постигнатиот успех на тестот.

Крајниот рок за пријавување е **5 октомври 2020 год.** Пријавувањето на Школата се извршува исклучиво преку формата за пријавување кон која се пристапува од страницата на школата https://smm.org.mk/matematicki-skoli/esenska-matematicka-skola-2020/.

**Котизацијата за учество на школата е 2.850,00 ден.** Во котизацијата се вклучени: 21 час со предавања, материјали за школата и завршен тест.

Адреса за контакт: ems2020smm@gmail.com.

Би Ви биле благодарни доколку оваа информација ја проследите до учениците во Вашето училиште.

Со почит,

Проф. д-р Ѓорѓи Маркоски,
Претседател на Сојузот на математичари на Македонија
https://smm.org.mk/